Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18-та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-541/1 од 03.02.2025 година, со наводи против лицето ---- ----------- -------- директор на ----------- ------- -- ----------- -- -----, бидејќи дозволила употреба на небезбедни и нелегални медицински помагала (игли за коскена биопсија) на Клиниката, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што по исти или слични наводи веќе постапува друг надлежен орган, Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Предметната пријава да се достави на надлежно постапување до Државниот санитарен и здравстен инспекторат.

Предметот со број 12-541/1 од 03.02.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 03.02.2025 година, поднесена е пријава против лицето ---- -------- ------ директор на ---------- -------- -- --------- -- -----, при што ДКСК оформи предмет број 12-541/1 од 03.02.2025 година.
Во доставената пријава се изнесени наводи со сомневање за злоупотреба на службената положба на лицето ---- -------- ------ директор на ---------- -------- -- --------

- -- ----- бидејќи на  Клиниката за ---------- - Скопје дозволила да се употребуваат небезбедни и нелегални медицински помагала (игли за коскена биопсија), донесени нелегално преку граница, од производител кој не е регистриран во земјата, ниту е направен законски одобрен интервентен увоз за истите.

Во прилог на пријавата доставен е и Записник од извршен инспекциски надзор од Државниот санитарен и здравствен инспекторат по пријава за истите предметни наводи.

По разгледување на предметата пријава и приложената документација, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино надлежно постапување од причина што по пријавените дејствија веќе постапува друг надлежен орган Државниот санитарен и здравствен инспекторат и одлучи истата да се проследи на натамошно постапување.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик Претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК